Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 28 став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 67-та седница одржана на ден __.08.2025 година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност за формирање паралелка**
**со помал број на ученици за учебната 2025/2026 година**
**на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес**

1.Со ова Решение се дава согласност на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес да формира паралелка со помал број ученици од законски предвидениот минимум за учебната 2025/2026 година и тоа:

прва година

- 1 паралелка за квалифкација месопреработувач / пекар, сектор хемија и технологија со 11 ученици

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р

## Образложение

До Советот на Општина Велес од страна на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес доставено е барање за добивање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во учебната 2025/2026 година за неколку образовни профили.

Општина Велес се обрати со допис до Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Сектор за средно образование, за добивање на позитивно мислење согласно член 28 став 3 од Законот за средното образование. Од Министерството за образование и наука добиен е Одговор со арх.бр.13-9468/2 од 07.07.2025 година со кој дава позитивно мислење за формирање паралелки со помал број ученици во прва година за учебната 2025/2026 година во ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес.

Согласно член 28 став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25): „Паралелка може да се формира и со помал број ученици утврдени во став 2 на овој член, по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерството“.

Врз основа на горенаведеното, а со оглед на тоа што бројот на запишани ученици е помал од законски предвидениот минимум (помал од 25) за формирање на паралелка, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ
Бр. 08-451/2
15.08 2025 год.
ВЕЛЕС

До
Совет на Општина Велес

Предмет: **Барање за формирање на паралеки со помал број на ученици во прва година во учебната 2025/2026 година**

Почитувани,

По претходна добиена согласност од Министерство за образование и наука ССОУ„Димитрија Чуповски"-Велес Ви доставува барање за формирање на паралелка со помал број на ученици во прва година во учебната 2025/2026 година.

Имено по завршување на првото пријавување за упис на ученици во прва година за учебната 2025/2026 година во училиштето се пријавија 103 ученици и примени се сите 103 ученици. Согласно конкурсот за упис на ученици паралелките фармацевтски техничар / медицински лабораториско-санитарен техничар, медицинска сестра, техничар за козметичка нега и убавина и техничар за заштита на животна средина / хемиски лабораториски техничар се со доволен број на ученици.

Во паралеката месопреработувач / пекар пријавени се 11 ученици но овој број не е доволен за да се формира истата со законскиот минимум. Исто така поради неможноста за комбинирање на паралелки со тригодишно и четиригодишно образование во една паралелка потребно е оваа паралелка да биде посебна.

Заради тоа, бараме од Вас согласност за формирање на паралелка со помал број на ученици во прва година во учебната 2025/2026 година и тоа за следната паралелка:

| Ред.бр. | Паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|
| **1** | **месопреработувач /пекар (тригодишно образование)** | 11 |

Во очекување на Ваш позитивен одговор.

Со почит.

Велес, 14.08.2025 год.

Директор

Горан Јанков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ ВЕЛЕС

13-9468/2
07-07-2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 15-07-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | 08-3490/6 | 1 | |

**До**
**Градоначалник на општина Велес**

**Предмет:** Одговор
**Врска:** Ваше барање бр.08-3490/5 од 3.7.2025 година

Почитувани,

Министерството за образование и наука во врска со Вашето барање, под горенаведениот број и датум, за формирање паралелки со помал број ученици за средните училишта во општина Велес, Ве известува за следното:

Согласно член 28 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/20, 78/25 и 132/25), бројот на учениците во паралелките во јавните училишта не може да биде помал од 25 и поголем од 34 ученици. Паралелка може да се формира и со помал број ученици, по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од министерството. Согласно член 18 кој го регулира дуалното образование од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25), бројот на ученици во паралелка не може да биде помал од 12 ученици и поголем од бројот утврден во Законот за средното образование.

Согласно горенаведеното, Министерството за образование и наука дава позитивно мислење за формирање паралелки со помал број на ученици во I (прва) година во учебната 2025/2026 година за следните средни училишта во општина Велес:

**СОУ Гимназија „Кочо Рацин"**

- 88 ученици во 4 паралелки гимназиско образование на македонски наставен јазик
- 23 ученици во 1 паралелка гимназиско образование на албански наставен јазик

**ОСУ „Јовче Тесличков"**

- 22 ученици во 1 паралелка за квалификацијата техничар за е-трговија и дигитален маркетинг, сектор економија, право и трговија на македонски наставен јазик
- 5 ученици во 1 паралелка за квалификација економски техничар, сектор економија, право и трговија на албански наставен јазик

**ССОУ „Димитрија Чуповски"**

- 11 ученици во 1 паралелка за квалификација месопреработувач/пекар, сектор хемија и технологија

Со почит,

МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
проф.д-р Весна Јаневска

Подготвил: Дијана Тренеска
Контролирал: Sadete Ramadani Mora
Одобрил: Илина Тарчуговска
Согласен: Наталија Кижевска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk